


**ДЕЛ ОД ПОСЕТИТЕ НА ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „*СВЕТОТ НА ДЛАНКА*“**
**НА СЛАВЕ КАТИН**

Под Пирин Планина, во рамниот простор што реката Струма го дели на два дела, се вгнездил градот Благоевград (порано Горна Џумаја). Бргу се спуштивме низ густата шума на патот за Благоевград. Овде-онде среќававме по некој автомобил и трактор. Влеговме во градот и откај автопатот што води кон Софија се упатиме по улицата која води во центарот на градот.

Инаку, Горна Џумаја од 1950 година официјално го носи името Благоевград во чест на Македонецот - Димитар Благоев – Дедото, социјалист од селото Загоричани, Костурско, кој беше еден од основачите на социјалистичкото движење и партија во Бугарија.

Во Благоевград е подигнат споменикот на Гоце Делчев, големиот македонски син, кој за

жал, неправедно и грубо, во пиринскиот дел на Македонија, од страна на Бугарите, се прикажува како борец на бугарскиот народ. Но, се поставува прашањето: Зошто бугарските националисти не го поставиле споменикот на Гоце Делчев во Варна, ако бил Бугарин, туку го поставиле во Благоевград, во Пиринска Македонија. Или зошто Бугарија и' ги даде моштите на Македонија, за тој мирно да почива во црквата Свети Спас во Скопје. Сигурно, тоа го направиле бидејќи Гоце Делчев бил Македонец и ништо друго.

Неговото име стана легенда вткаена во свеста на македонските народни маси. Неговото име ги возбудуваше македонските поколенија, со тоа име македонските прогресивни сили ја водеа во сосема нова општествено-политичка ситуација борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување.Гоце Делчев е колективна меморијакај Македонците, затоа Гоце Делчев е Македонија

Неговите посмртни останки прво се чуваат во Баница до 1917 година, кога се пренесени во Ксанти, а потоа во Софија. До 1923 година, ковчежето со коските се чува во домот на Михаил Чаков, а на него пишувало: **„Ги заколнуваме поколенијата што доаѓаат светите коски да бидат погребани во главниот град на независна Македонија. Август 1923, Илинден“.**
Заветот е исполнет и на 11 октомври 1946 година се пренесени во Скопје, во црквата Свети Спас.

Застанавме пред споменикот на Гоце Делчев, се поклонивме и направивме повеќе фотографии. Го видовме просторот околу споменикот и потоа се упативме на спротивната страна од паркот, од кај реката во тесната уличка, каде што живее еден наш пријател роден во Воден, во егејскиот дел на Македонија, а бил донесен во Бугарија заедно со уште многу илјади Македонци, кои како стебла беа откорнати од родната грутка и преселени со грчко - бугарскиот договор за размена на пограничното население од дваесеттите години на минатиот век.

Во историјата за Пиринска Македонија се вели дека таа е дел од етничката територија на Маке

Македонците во Бугарија, или како Пиринци или бугарски Македонци, се староседелско населе

Невозможно е да се каже колкав е точниот број на етничките Македонци во Бугарија, особено п

Според пописот на населението во декември 1946 година, во Народна Република Бугарија од вк


ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Bulbank

[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**